ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 20.02.2012

# СООПШТЕНИЕ

## Движење на пререгистрација

Од почетокот на пререгистрацијата на невработените лица (лица со ниски примања), за времетраење од 20 дена , 36.787 носители на здравствено осигурување од вкупно 221.130, извршиле пререгистрација во сите подрачни служби. Тоа изнесува  16.6%. Следејќи го овој тренд за пререгистрација на сите евидентирани лица со ниски примања ќе бидат потребни 120 дена. Со измената на законот за придонеси од социјално осигурување рокот за пререгистрација е 31.03.2012 година. ФЗОМ не би сакал повторно да се чека крајниот рок за пререгистрација како во 2011 година, ниту пак по рокот непререгистрираните лица останат без здравствено осигурување.

Подрачните служби со најмал процент на пререгистрирани се следниве: Гевгелија со 6.5% , Велес со 7.3 %, Св. Николе со 5.9 %. Подрачни служби со највисок процент на пререгистрација се следниве: Куманово со 28.5%, Тетово со 25.9%, Струмица и Радовиш по 23%.

ФЗОМ апелира да невработените лица што поскоро ја завршат оваа обврска.

За подетални информации и потребна документација можете да се информирате на www.fzo.org.mk или на 0800 33 222.

ФЗОМ